**Дејан Донев**[2]

**UDK: 608.1:618.177-089.888.11**
Review article/Прегледна научна статија

# БИОЕТИЧКИ ПЕРСПЕКТИВИ НА СУРОГАТ МАЈЧИНСТВОТО

**Апстракт**

Темата, а особено прашањето во насловот побудува зголемено внимание за оваа нова морална инвазија во сферата на човечката репродукција, после контраверзиите околу прашањето за абортусот, човечкото „подобрување“, клонирањето....

Иако овој тип на мајчинство е допуштено, законски, само во одреден број на земји, додека во останатите е илегално, и во комерцијани цели, но и во облик на лечење на неплодноста, се работи за ситуација која поттикнува потреба од отворена деба.

Се работи за комплексност на едно подрачје кое воедно претставува и сложен медицинско-социјалноправен-биоетички извор на голем број на проблеми и недоумици: која е реалната мајка, или дали со сурогат мајчинството се нарушува и во која мера единството на бракот, интегритетот на детето и достоинството на самиот чин на раѓање?

Авторот во текстот се обидува, од аспект на биоетиката, да претстави една можна скица на третирање на проблемите кои произлегуваат.

**Клучни зборови**: човечка репродукција, сурогат мајчинство, транснационален репродуктивен пазар

# BIOETHICAL PERSPECTIVES ON SURROGATE MOTHERHOOD

**Abstract**

The topic, and especially the issue in the title, provokes increased attention to this new moral invasion in the sphere of human reproduction, after the controversy surrounding the issue of abortion, human “improvement,” cloning ....

2 Дејан Донев, редовен професор на Институтот за филозофија на Филозофскиот факултет во Скопје и претседател на Центарот за интегративна биоетика при Филозофскиот факултет во Скопје, С. Македонија. E-mail: donevdejan@fzf.ukim.edu.mk

Although this type of maternity is allowed, legally, only in a small number of countries, while in the others is illegal, for commercial purposes, but also in the form of treating infertility, it is a situation that encourages the need for an open debate.

It is about the complexity of an area that at the same time represents a complex medical-social-legal-bioethical source of a number of problems and misunderstandings: who is the real mother, or whether with a surrogate motherhood is disturbed and to what extent the unity of the marriage, the integrity of the child and the dignity of the very act of birth?

The author in the text tries, from the aspect of bioethics, to present a possible sketch of treatment of the problems that arise.

**Key words**: human reproduction, surrogate motherhood, transnational reproductive market

**Вовед**

Сурогат или заменското мајчинство, а особено прашањето дали матката треба да се изнајмува, денес побудува зголемена морална-етичка нелагодност од оваа релативно нова инвазија во сферата на човековата репродукција означена како „репродуктивна револуција“[3], особено после дилемите и контраверзите околу абортусот[4], клонирањето, ин-витро оплодувањето....

Ова оттаму што до пред некоја деценија човековата репродукцијата се разгледуваше само како феномен кој припаѓа пред и над се во приватната сфера на секоја жена и маж, а тоа го потврдува и традиционалното сфаќање на репродукцијата според кое „доколку се работи за традиционална брачна заедница, за репродукцијата не се говори, уште помалку договара, а најмалку истата се планира. Во ваквите традиционални заедници репродукцијата едноставно му се случува на човекот, тој не ја планира, не интервенира во тековите на одредени надворешни сили“[5].

Но, актуелноста на прашањето денес добива на особена тежина во услови кога секое општество преку своите културни образци и законска регулатива се обидува да ги нормира сите фази на репродукција. Во вакви услови, приватната сфера станува јавна, а со самото тоа и (не)раѓањето станува не само јавно, туку и особено важно политичко прашање.[6] Па затоа савреме-

[3] Подетално за репродуктивната револуција погледни кај Robert G. Lee & Derek Morgan, *Human Fertilization and Embriology: Regulating the Reproductive Revolution*. Blackstone Press Limited, London, 2001.

[4] Janice B. Ciccarelli & Linda J. Beckman, “Navigating Rough Waters: An Overview of Psychological Aspects of Surrogacy”, *Journal of Social Issues*, Vol. 61, No. 1, 2005, p. 23.

[5] Berislav Berić, *Uvod u osnove seksualnosti čoveka i planiranje porodice*. Dobra Vest, Medicinski fakultet, Novi Sad, 1992, str. 105.

[6] Подетално во предавањата на Мишел Фуко на Колеж д’Франс (1977-1978) под наслов *Безбедност, територија, население.* Фондација Отворено општество, Скопје, 2017, особено

ниот медицински и родово одговорен дискурс на планирање на семејството налага проактивен пристап во односот на индивидуите кои нудат знаење (лекарите) и индивидуите кои тоа знаење го примаат (жените) и во кој однос постојат можностите на свесно одлучување за репродукцијата.[7] Уште повеќе, оправдувањето за ваквиот пристап дојде и од можната конечна разрешница на дилемата што и како доколку раѓањето на дете, а кое се смета за „природен одговор“ на општествено очекуваните родителски улоги, не е реален позитивен исход, достижен за сите.

Па така, на сцена се појавија новите репродуктивни технологии, најпрво за паровите кои неможат да имаат деца, а потоа и за хомосекуалните, трансродовите, трансполовите лица, како и за жените во постменопауза[8], да можат да имаат деца кои би биле биолошки поврзани пред се со двата (или барем со еден) од родителите. Логично, постапката на ин-витро фертилизацијата веќе неколку децении експандира[9], како во ветеринарната медицина, така и во хуманата медицина, почнувајќи од 25 јули 1978 година кога во Велика Британија гинекологот Патрик Степто и ембриологот Роберт Едвардс[10] го објавија раѓањето на Лујза Браун, првото бебе зачнато надвор од телото на мајката, но со генетски материјал на двајцата родители.[11]

Michael Foucault, *The Order of Things. An Archaeology of the Human Science*. Vintage Books Limited, New York, 1994; потоа Џорџо Агамбен, *Homo Sacer – Суверената моќ и голиот живот*. Сигмапрес, Скопје, 2014; како и компилациската студија на Marijan Krivak, *BIOPOLITIKA-Nova politička filozofija*. AntiBarbarus, Zagreb, 2008; но и одговорот на Питер Слотердајк на Хајдегеровото „Писмо sa хуманизмот“, под наслов „Pravila za ljudski park“, *R.E.Č.*, 57.3, 2000, str. 187-202. Достапно на: http://www.b92.net/casopis_rec/57.3/pdf/18.pdf. Датум на пристап: 01.02.2019.

7 Раѓањето и мајчинството, како прашање на избор на жената, секогаш биле битни теми на феминистичкото промислување за репродуктивните права на жената, на националните политики, како и законските регулативи за оваа област.

8 Омкари Панвар во 2008 година, на свои 70 години роди близнаци и стана најстарата жена која роди син и ќерка со помош на ин-витро, за кое платила со распродажба на целиот имот и подигнување на кредит, со цел конечно да добие син (покрај двете возрасни ќерки и петте внуци од нив). „Woman in India ‘has twins at 70’“, *BBC News*, 05.07.2008. Достапно на: http://news.bbc.co.uk/2/hi/7491782.stm. Пристапено: 03.01.2019.

9 Се пресметува дека до 2018 година со помош на ин-витро родени се околу 6 милиони деца во светот. B. Radivojević, „Prva beba iz epruvete slavi 40. rođendan“, *Вечерње новости Online*, 25.07.2018. Достапно на: http://www.novosti.rs/vesti/planeta.299.html:740285-Prva-beba-iz-epruvete-slavi-40-rodjendan. Датум на пристап: 01.02.2019.

10 кој во 2010 година ја доби Нобеловата награда за развој на постапката за вонтелесно оплодување.

11 Robert Geoffrey Edwards & Patrick Christopher Steptoe, *A Matter of Life: The Story of a Medical Brakethrough*. Hutchinson, London, 1980.

**Транснационалната репродуктивна индустрија и бизнисот наречен „туризам на плодност“**

И додека добивањето на деца од сурогат мајчинство редовно се практицира во редовите на американските пред се филмски ѕвезди и други популарни лица од јавниот живот, на ваков тип мајчинство денес се почесто се решаваат и анонимни парови од различни краишта од Европа кои не можат да имаат деца, при што државните граници и националните законодавства не претставуваат особена пречка.[12]

Со оглед на фактот дека законските рамки во поглед на сексуалните и репродуктивните права и биомедицинските истражувања се разликуваат од држава до држава[13], создадена е шаренолика палета на забрани и дозволи, како и законски рамки во врска со транснационалната репродуктивна индустрија и туризам на плодност, а чие што главно обележје е социјалната нееднаквост помеѓу класите и етницитетите, Северот, Истокот и Југот, како и „империјалниот“ начин на живот.[14] Тоа дава за право да се тврди дека, од една страна, на темелот на репродуктивната и регенеративната медицина во изминатите децении изградена е комерцијална репродуктивна бранша и трговија со телесни супстанци и органи.

Имено, транснационалниот репродуктивен пазар брзо се шири помеѓу константната интеракција на понудата и побарувачката, со што производството на човечки живот станува производен процес во кој може да се купат биолошките неопходни делови и да се понудат услуги. Со тоа биоекономијата, очигледно, непрестано реагира на неисполнетите потреби, болести и репродуктивни права. На пример индискиот биолог, Сундер Рајан, истражувајќи го геномот, покажа дека „актуелната биотехнологија може да се разбере само во контекст на интеракцијата со фармацевтските компании и развојот на лековите. Она што научниците и истражувачите го произведуваат во биотехнолошките лаборатории и во репродуктивниот ланец на вредности, имено претставува биокапитал и создава технолошко-научен облик на капитализам“.[15]

---

12 Подетално види кај Бернадет Бордаш, „О потреби међународног регулисање сурогат материнства: Судска пракса и активности у 2014“. Во: *Зборник радова Правног факултета у Новом Саду*, Нови Сад, 2/2014, стр. 151-171.

13 „Surrogacy By Country“. Достапно на: https://www.familiesthrusurrogacy.com/surrogacy-by-country/. Датум на пристап: 05.02.2019.

14 Sven Bergmann, “Fertility Tourism: Circumventive Routes that Enable Access to Reproductive Technologies and Substances, *Signs*, 40 (1), 2014, pp. 280-289; како и Ulrich Brand & Markus Wissen, *Imperiale Lebensweise. Zur Ausbeutung von Mensch und Natur im globalen Kapitalismus*. Climate Partner Klimaneutral Verlag, Munchen, 2017.

15 Kaushik Sunder Rajan, *Biocapital: The Constitution of Postgenomic Life*. Duke University Press Books, Durham NC, 2006.

Доексплицирана до крај тезата, оваа индустрија, која е се пошаренолика, се користи со социјалната неправда, меѓународниот натпревар и разликите во правните системи. Неопходен предуслов е снабдувањето со биолошки материјал. Но исто така, во овој сегмент од пазарот, вклучувајќи ги репродуктивните клиники и агенциите за посредување во разни земји, се користат и три компаративни предности. *Прво*, овие компании се фокусираат на услугите за кои има висока побарувачка согласно специфичните општествени и културни норми, како што е на пример одредувањето на полот во Јужна и Источна Азија. *Второ*, во светлото на глобалната конкуренција медицинските услуги во земјите на Југот и во Источна Европа се поефтини многу повеќе од оние на Северот (на пример, Унгарија, Чешка, Полска и Украина во споредба со Средна и Северна Европа). *Трето*, овие компании се концентрираат на медицинските и репродуктивните услуги кои во многу земји се забранети, но за кои на меѓународно ниво постои голема побарувачка, како што е случајот со сурогат мајчинството во Русија, Украина и Индија. На пример, една австралиска агенција за посредување има можност да воспостави контакт помеѓу хомосексуални парови од Израел и донаторки на јајце клетки од САД или со сурогат мајки во Индија.

Ваквата „задкулисна работа на глобалниот слободен пазар“[16] ја потврдува митот за взаемната корист, кој е типичен за глобализацијата. Се мистифицира договорот за работа и услугите помеѓу богатите родители кои сакаат да имаат дете и сурогат мајката и истиот се претвора во „репродуктивна подвижна лента“[17] за понатаму. Во Индија, со регистрирани 3.000 репродуктивни клиники, сурогат мајчинството прави годишен промет од околу 450 милиони долари, при што половина од 25.000 произведени бебиња се „нарачани“ од странство. При ова Индија го поддржува овој медицински туризам, како и останатите извозни индустрии, со намалени даноци и царини.

Резимирано, како што наведува Амрита Панда, која претходно осум години има работено на етнографското истражување на сурогат мајчинството во Индија, „ваквиот outsourcing и неолибералната транснационална реорганизација на репродукцијата се нарекува *неоевгеника*“[18]. Жените од Југот вршат услуги за репродукција на луѓето од Северот и со тоа му овозможува-

[16] Arlie Hochschild, „The Back Stage of Global Free Market Hannies and Surrogates“. In: *Transnationale Vergesellschaftungen*, Hans-Georg Soeffner (ur.). Springer VS, Wiesbaden, 2012, pp. 1125–1138; Исто така и Sharmila Rudrappa, “India’s Reproductive Assembly Line”, *Contexts*, 19.05.2012. Достапно на: http://contexts.org/articles/spring-2012/indias-reproductive-assembly-line. Датум на пристап: 01.02.2019.

[17] Ibid.

[18] Amrita Pande, *Wombs in Labour. Transnational Commercial Surrogacy in India*. Columbia University Press, New York, 2014, pp. 104–128; како и Kalindi Vora, “Potential, Risk, and Return in Transnational Indian Gestational Surrogacy”, *Anthropology,* Vol 54/7, 2013, pp. 97–106.

ат на транснационалниот репродуктивен бизнис да се стекне со огромна добивка, додека нееднаквоста помеѓу жените и социјалната стратификација на репродукцијата, се зголемува.[19] Тоа им овозможува на паровите од глобалната средна класа да ги остваруваат своите репродуктивни права како дел од својот „империјален“ начин на живот, додека во исто време се создава нов светски поредок на репродукција[20].

**Морално-(био)етички дилеми, импликации и консеквенции**

Иако овој тип на мајчинство е допуштено, законски, само во одреден број на земји, додека во останатите е забрането, за комерцијални цели, но и како облик на лечење на неплодноста, се работи за ситуација која поттикнува потреба од отворена деба околу дилемите, импликациите, а особено околу консеквенциите. Имено, сурогат мајчинството за многумина е етички сомнително, особено поради тенденцијата истото да стане помодарство. Уште повеќе и затоа што медицинската струка го поддржува ваквиот пат преку кој се доаѓа до дете, но се додека за тоа се има медицинско оправдување, односно за оние жени кои не можат да добијат дете по друг пат.

Оттука, голем е бројот на морално-(био)етички дилеми кои треба да бидат разгледани. Во обидот истите да ги систематизираме, се чини дека кога се работи само за учесниците во сурогат мајчинство истите можат да се сведат на следниот тематски збир[21]:

- прашања кои се поврзани со односот помеѓу „нарачаното“ дете и сурогат мајката;
- прашања кои се поврзани со односот помеѓу сурогат мајката и личноста со која таа склучува договор за сурогатство;
- прашања кои се поврзани со односот помеѓу сурогат мајката и нејзиното потесно семејство;
- прашања кои се поврзани со односот помеѓу „нарачаното“ дете и другите учесници во сурогатството;
- прашања кои се поврзани со улогата на сурогатството со/во поширокото семејно окружување (пријатели, роднини, соседи, познаници);

[19] Pamela Laufer-Ukeles, “Mothering for Money: Regulating Commercial Intimacy”, *Indiana Law Journal*, Vol. 88, 2013, p. 1246.

[20] Elly Temman, „The social construction of surrogacy research: An anthropological critique of the psychosocial scholarship on surrogate motherhood”, *Social Science & Medicine*, Vol. 67 (7), 2008, p. 1105.

[21] Mirjana Radan, *Zamjensko majcinstvo - Bioeticka prosudba*. Centar za bioetiku, Filozofsko-teološki institut Družbe Isusove, Zagreb, 2018.

- прашања кои се поврзани со договорот, законските одредби, прекршувањата, судовите, како и создавањето на други можни штети во семејството;
- прашања кои се поврзани со поттикнувањето на негативни општествени појави.

Ваквата селекција најмногу произлегува од потребата сурогат мајчинството да биде разгледано во комплексноста, т.е. сложеноста на меѓучовечките односи. Колку за илустрација, првиот случај на сурогат мајчинство од 1986 година во САД, кога сурогат мајката, која во истовреме била и донор на јајце клетки, 24 часа по породувањето отишла по детето, го зела од родителите и го одвела надвор од државата. Година дена подоцна, судот во Њу Џерси старателството над детето го доделува на родителите (поради прекршување на договорот за сурогатство), додека на сурогат мајката и дозволува само да го посетува. Исто така, кога се работи за рагледување на прашањата кои се поврзани со поттикнувањето на негативни општествени појави како резултат на практицирањето на сурогат мајчинството, не треба да се заборави дека, на пример, во Индија и денес, жените ги изнајмуваат своите матки за 5.000 евра, како би можеле да побегнат од своите села во урбаните делови од земјата, т.е. на истото гледаат како на шанса за подобар живот.

Сепак, генерално, корпусот дилеми се „врти“ околу разгледување на односот меѓу парот кој го „нарачува“ детето и сурогат мајката; цврстата поврзаност меѓу сурогат мајката и детето кое се раѓа; односот меѓу сурогат мајката и детето во однос на сопственото семејство; односите помеѓу сопствените деца на сурогат мајката и „нарачаното дете“ кое го раѓа нивната мајка; прашањата кои се инцираат кај сурогат мајката и односите надвор од семејството, т.е. влијанието од нејзината постапка во потесната и пошироката средина; како и проблемот на хетерологното родителство. Тука неодминливи се секако и прашањата за последиците од влијанието на постапката во однос на, како телесното, така и психичкото и духовното здравје на сурогат мајката.

Во оваа смисла, за биоетичко разгледување особено се важни две прашања кои се поврзани со инструментализирањето на достоинството на човечкото раѓање[22], како и инструментализирањето на детето родено од аранжманот на сурогатството[23]. Не помалку вредно за разгледување е секако и прашањето за можна злоупотреба, особено комерцијализација на сурогат

---

[22] Elizabeth S. Anderson, “Why Commercial Surrogate Motherhood Unethically Commodifies Women and Children”, *Health Care Analysis* 8(1), 2000, pp. 19-22.

[23] Robert Edelmann, “Surrogacy: the psychological issues”, *Journal of Reproductive and Infant Psychology*, Vol. 22 (1), 2004, p. 129.

мајчинството, но и прашањата кои се однесуваат на слободата на изборот во однос на сексуалните и репродуктивните права, а кои се засноваат на претпоставката дека телото е лична сопственост – „Мојот стомак ми припаѓа само мене!“[24]. Според истиот концепт, жената се разгледува како активен субјект кој својот живот го зема во сопствени раце и има контрола над него: тоа важи за жената која може да одлучи дали сака да ги користи техниките на репродукција или ќе изнајми сурогат мајка за да добие дете, или жената која донира јајце клетки или ја нуди својата матка за да роди дете за некој друг, или пак жената која нуди сексуални услуги за пари[25].

Оттука, можеме да сумираме дека се работи за комплексност на едно подрачје кое воедно претставува и сложен медицинско-социјалноправен-биоетички извор на голем број на проблеми и недоумици: која е реалната мајка, или дали со сурогат мајчинството се нарушува и во која мера единството на бракот, интегритетот на детето и достоинството на самиот чин на раѓање? Притоа, овие проблеми и дилеми можеме да ги групираме во три поголеми групи – комерцијализацијата на услугата, моралното недозволување на хетерономност на брачното единство, како и проблематиката на непочитување на дигнитетот на раѓањето. Од нив, издвојуваме:

- Со предавањето на детето после породувањето на други, се нанесува голема рана во неговиот живот и во односите со другите. Последиците од оваа рана на самиот почеток на животот се тешки, иако истите не е можно да се квантифицираат;
- Со раздвојување на желбата за зачнување и носење на детето на овој свет, од желбата за негово подигнување, воспитување и образование како „сопствено дете“, се прави и промена на гледањето на детето:
    1. Имено, детето повеќе не е посакувано поради него самото, туку заради нешто како што се тоа на пример парите или во најдобар случај желбата за признавање на услугата! Во вакви околности со детето се однесуваме како со предмет со што се крши основното етичко начело: не е дозволиво да се создаде човечки живот со намера истиот да се напушти![26]
    2. Жената исто така се сведува на орудие! Дури и да не ја земеме во предвид штетата на психолошки план која може да биде предиз-

[24] што како централен слоган се појави во европското женско движење во борбата за легализација на абортусот.

[25] За сличностите помеѓу сурогат мајчинството и проституцијата види повеќе кај Jean, M. Sera, “Surrogacy and Prostitution: a Comparative Analysis”, *Journal of Gender & the Law*, Vol. 5, 1997, p. 343.

[26] H.T.Krimmel, „The Case against Surrogate parenting“, *Hasting Center Report,* Vol. 13, No. 5, 1983, p. 35.

> викана со прекинатото мајчинство (што некогаш и се случува, кога мајката не сака да го даде детето на „нарачателите“), жената се сведува на улога на инкубатор, а ликот на личноста на еден од нејзините органи![27]

Од жената се бара да отстапи од богатиот однос кој се воспоставува помеѓу мајката и детето во текот на бременоста. Со тоа се понижува и дехуманизира нејзината личност (заедно со личноста на детето) до ниво на трговија со телото на жената!

Евентуалната мотивација со помош на „големото срце“ (великодушност) во однос на позајмувањето на матката не го менува проблемот, затоа што таа дарежливост не може да ја надокнади објективната штета која е составен елемент на сурогат или заменското мајчинство. Со тоа овој аргумент на дарежливост станува изговор!

**Mater simper certa est или сурогат мајчинство!?**

Денешната примена на сурогат мајчинството и сепозголеменото напуштање на милениумската концепција mater simper certa est, според која мајка на детето е жената што го раѓа детето, доведе до исклучително сериозни правни, етички, морални и филозофски дилеми. Основната теза од морално-етички и биоетички позиции е дека во феноменот на бременост се потврдува една зголемена телесна интеракција помеѓу мајката и детето што укажува дека таа интеракција е телесна, психичка и духовна и преку истата се реализира изворната поврзаност меѓу мајката и детето[28]. Од една страна, мајката го замислува детето, мечтае за него и разговара со него, додека од друга страна, детето добива тело и го обликува својот дух во оваа невербална комуникација со мајката[29]. Во оваа смисла, бременоста и раѓањето на детето водат кон создавање на емоционални врски меѓу мајката и детето, кои, се чини дека е неприродно, па дури и нехумано да се раскинуваат.[30]

Согласно на ова, проблемите кои можат да се јават во/со сурогат мајчинството (етички, правни, економски...) се особено чувствителни и комплицирани, а во екстремни случаи се и во спротивност со принципот на најдобар интерес на детето. Оттука, биоетичката проценка на сурогат мајчинството

---

[27] Michele Aramini, *Uvod u bioetiku.* Kršćanska sadašnjost, Zagreb, 2009, str. 202-203.

[28] Alan Wertheimer, “Two Questions About Surrogacy and Exploatation”, *Philosophy and Public Affairs*, Vol. 21, No.3, 1992, p. 216; како и M. M. Tieu, „Altruistic Surrogacy: The Necessary Objectification of Surrogate Mothers“, *Journal of Medical Ethics*, Vol. 35, No. 3, 2009, p. 175.

[29] Olga B. A. van den Akker, “Psychological Aspects of Surrogate Motherhood”, *Human Reproduction Update*, Vol. 13, Issue 1, 2007, p. 57.

[30] Ruth A. Lawrence & Robert M. Lawrence, *Breastfeeding: A guide for the medical profession*. Elsevier Mosby, Missouri, 2011, p. 197.

првенствено зависи од „мотивите на основа на кои поединци се одлучуваат за овој тип на мајчинство, а потоа и за условите, како и за начините на кои истото се реализира преку (не)почитување на законодавните и договорените обврски, комерцијализацијата на човечкиот живот. Моралната оценка пак во голема мера зависи од (не)почитувањето на достоинството на човечкото раѓање и од хетерономното нарушување на брачното единство“[31].

Но од друга страна, пак, сурогат мајчинството за одреден број на парови е единствениот можен начин да се добие дете кое за нив би било генетски поврзано, нивна најважна животна цел. Во овој контекст, дали сурогат мајчинството би требало да се дозволи само во случаи кои се медицински оправдани, додека сите останати мотиви (естетски, професионални...) да бидат третирани како неприфатливи и недозволиви? Имено, во ваков случај, многу е важно во животните ситуации каде постојат најразлични интереси, прецизно да се одреди кои интереси би требало да бидат заштитени и оправдани. А за тоа кој интерес ќе биде заштитен, постојат многу околности, почнувајќи од етичкиот и биоетичкиот аспект и општествена прифатливост, како и секако од развојот на репродуктивната медицина.

## БИБЛИОГРАФИЈА


Агамбен, Џорџо. *Homo Sacer – Суверената моќ и голиот живот*. Скопје: Сигмапрес, 2014.

Anderson, Elizabeth S. “Why Commercial Surrogate Motherhood Unethically Commodifies Women and Children”, *Health Care Analysis* 8(1), 2000.

Aramini, Michele. *Uvod u bioetiku.* Zagreb: Kršćanska sadašnjost, 2009.

Bergmann, Sven. “Fertility Tourism: Circumventive Routes that Enable Access to Reproductive Technologies and Substances, *Signs*, 40 (1), 2014.

Berić, Berislav. *Uvod u osnove seksualnosti čoveka i planiranje porodice*. Novi Sad: Dobra Vest, Medicinski fakultet, 1992.

Brand, Ulrich & Markus Wissen. *Imperiale Lebensweise. Zur Ausbeutung von Mensch und Natur im globalen Kapitalismus*. Munchen: Climate Partner Klimaneutral Verlag, 2017.

Бордаш, Бернадет. „О потреби међународног регулисање сурогат материнства: Судска пракса и активности у 2014“. Во: *Зборник радова Правног факултета у Новом Саду*, Нови Сад, 2/2014.


31 Mirjana Radan & Suzana Vuletić & Željko Rakošec & Žarko Šperanda, „Bioetička kompleksnost problematike zamjenskoga majčinstva“, *Diacovensia* 23(1), 2015, str. 49.

Ciccarelli, Janice B. & Linda J. Beckman. "Navigating Rough Waters: An Overview of Psychological Aspects of Surrogacy", *Journal of Social Issues*, Vol. 61, No. 1, 2005.

Edelmann, Robert. "Surrogacy: the psychological issues", *Journal of Reproductive and Infant Psychology*, Vol. 22 (1), 2004.

Edwards, Robert Geoffrey & Patrick Christopher Steptoe. *A Matter of Life: The Story of a Medical Brakethrough*. London: Hutchinson, 1980.

Edwards, Robert & Patrick Steptoe. *Dijete iz epruvete*. Zagreb: August Cesarec, 1981.

Foucault, Michael. *The Order of Things. An Archaeology of the Human Science*. New York: Vintage Books Limited, 1994.

Фуко, Мишел. *Безбедност, територија, население.* Скопје: Фондација Отворено општество, 2017.

Hochschild, Arlie. „The Back Stage of Global Free Market Hannies and Surrogates". In: *Transnationale Vergesellschaftungen,* Hans-Georg Soeffner. Wiesbaden: Springer VS, Wiesbaden, 2012.

Игновска, Елена et al. *Новите репродуктивни технологии и правото*. Скопје: УКИМ, 2016.

Kriković Pele, Ksenija. *Vantelesna oplodnja - Rodne i drustvene kontroverze*. Novi Sad: Zavod za ravnopravnost polova & ACIMSI Centar za rodne studije Univerziteta u Novom Sadu, 2014.

Krimmel, H.T. „The Case against Surrogate parenting", *Hasting Center Report,* Vol. 13, No. 5, 1983.

Krivak, Marijan. *BIOPOLITIKA-Nova politička filozofija*. Zagreb: AntiBarbarus, 2008.

LaFollette, Hugh (ed.). *International Encyclopedia of Ethics*. Malden: Wiley-Blackwell, 2013.

Laufer-Ukeles, Pamela. "Mothering for Money: Regulating Commercial Intimacy", *Indiana Law Journal*, Vol. 88, 2013.

Lawrence, Ruth A. & Robert M. Lawrence. *Breastfeeding: A guide for the medical profession*. Missouri: Elsevier Mosby, 2011.

Lee, Robert G. & Derek Morgan. *Human Fertilization and Embriology: Regulating the Reproductive Revolution*. London: Blackstone Press Limited, 2001.

Pande, Amrita. *Wombs in Labour. Transnational Commercial Surrogacy in India*. New York: Columbia University Press, 2014.

Radan, Mirjana & Suzana Vuletić & Željko Rakošec & Žarko Šperanda, „Bioetička kompleksnost problematike zamjenskoga majčinstva", *Diacovensia* 23(1), 2015.

Radan, Mirjana. *Zamjensko majcinstvo - Bioeticka prosudba*. Zagreb: Centar za bioetiku, Filozofsko-teološki institut Družbe Isusove, 2018.

Radivojević, B. „Prva beba iz epruvete slavi 40. rođendan“, *Вечерње новости Online*, 25.07.2018. Достапно на: http://www.novosti.rs/vesti/planeta.299.html:740285-Prva-beba-iz-epruvete-slavi-40-rodjendan. Датум на пристап: 01.02.2019.

Rajan, Kaushik Sunder. *Biocapital: The Constitution of Postgenomic Life*. Durham NC: Duke University Press Books, 2006.

Rudrappa, Sharmila. “India’s Reproductive Assembly Line”, *Contexts*, 19.05.2012. Достапно на: http://contexts.org/articles/spring-2012/indias-reproductive-assembly-line. Датум на пристап: 01.02.2019.

Sera, Jean, M. “Surrogacy and Prostitution: a Comparative Analysis”, *Journal of Gender & the Law*, Vol. 5, 1997.

Sloterdajk, Piter. „Pravila za ljudski park“, *R.E.Č.* 57.3, 2000. Достапно на: http://www.b92.net/casopis_rec/57.3/pdf/18.pdf. Датум на пристап: 01.02.2019.

Soeffner, Hans-Georg. *Transnationale Vergesellschaftungen*. Wiesbaden: Springer VS, Wiesbaden, 2012.

„Surrogacy By Country“. https://www.familiesthrusurrogacy.com/surrogacy-by-country/. Датум на пристап: 05.02.2019.

Temman, Elly. „The social construction of surrogacy research: An anthropological critique of the psychosocial scholarship on surrogate motherhood”, *Social Science & Medicine*, Vol. 67 (7), 2008.

Tieu, M. M. „Altruistic Surrogacy: The Necessary Objectification of Surrogate Mothers“, *Journal of Medical Ethics*, Vol. 35, No. 3, 2009.

Van den Akker, Olga B. A. “Psychological Aspects of Surrogate Motherhood”, *Human Reproduction Update*, Vol. 13, Issue 1, 2007.

Vora, Kalindi. “Potential, Risk, and Return in Transnational Indian Gestational Surrogacy”, *Anthropology,* Vol 54/7, 2013.

Wertheimer, Alan. “Two Questions About Surrogacy and Exploatation”, *Philosophy and Public Affairs*, Vol. 21, No.3, 1992.

„Woman in India ‘has twins at 70’“, *BBC News*, 05.07.2008. http://news.bbc.co.uk/2/hi/7491782.stm. Пристапено: 03.01.2019.